СОЈУЗ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА - РЕПУБЛИЧКА
КОНФЕРЕНЦИЈА
"ДЕНОВИ НА МЛАДИТЕ ТВОРЦИ"

Распишува

# К О Н К У Р С

## "НАШИТЕ ДОСТИГАЊА"

Признанието и наградата традиционално се доделува за дејностите во областа на: музичката, книжевната, филмската, ликовната, уметност, фотографијата, стрипот и карикатурата, науката и техниката и театарот (за секоја посебно).

ПРОПОЗИЦИИ:

1. Во предвид за признанието и наградата доаѓаат: поединци, организации, колективи, институции, здруженија, друштва, кои со своето целокупно, едногодишно творење и делување придонеле за продлабочување и јакнење на класната суштина на културата, натамошен развој на самоуправните социјалистички односи во културата, поттикнување и афирмација на творештвото на младите, а делуваат на територијата на СРМ.
2. Право на предлагање имаат поединци и организации.
3. Пристигнатите предлози ги разгледува Комисија формирана за секоја област.
4. Признанието и наградата ја доделува Претседателството на Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија.
5. Признанието и наградата се доделуваат според Правилникот кој го донесува Претседателството на Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија.
6. Во реализирање на Конкурсот учествуваат општествените организации што опфаќаат младина и други организации.

7. Учесниците во Конкурсот [illegible] не треба да се постари од 30 години.

8. Учесниците конкурираат со дела и активности остварени во периодот 1.03.1982 до 1.03.1983 година.

9. Наградите ќе бидат презентирани во јавноста во рамките на Деновите на младите творци.

10. Заедно со признанието се доделува и наградата во вредност од 6.000 динари.

11. Предлозите со комплетна документација треба да се достават на адреса: Републичка конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, ул. "Илинденска" бб - Скопје, со назнака "Нашите достигања",

12. Рок на пријавување до 25 април 1983 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА РК НА СОЈУЗОТ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА